ОПШТИНА СТРУМИЦА
Сектор за инспекциски работи - Инспекторат

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ-ИНСПЕКТОРАТ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА ПЕРИОД ЈУЛИ-ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

Дел. Бр. 26-10/1

Ѓорѓи Чукарски
[име и презиме]

Датум: 15.01.2025 година

Раководител на Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

Место: Струмица (м.п.)

[потпис]

## РЕЗИМЕ

Врз основа на член 35 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РСМ бр.102/2019), согласно Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциската служба објавен во (Сл.Весник на РСМ бр.238/2019), Раководителот на инспекциската служба донесува шестмесечен извештај за работата на инспекциската служба, односно Секторот Инспекторат на Општина Струмица најдоцна до 15 јули за периодот јануари-јуни во тековната година, односно најдоцна до 15 јануари за периодот јули-декември од претходната година, кој се објавува на веб страната на Општина Струмица. Во шестмесечниот извештај се презентирани активностите на Секторот Инспекторат на Општина Струмица кои беа превземени со цел исполнување на законските обврски за вршење на инспекциски надзор во сите области на инспекцискиот надзор од надлежност на инспекциите на Општина Струмица согласно со постоечката законска регулатива во периодот од 01.07.2024 заклучно со 31.12.2024 година. освен извештајот за работата на комуналните редари кој ќе биде презентиран како годишен извештај.

## УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Модерните инспекциски системи се стремат да постигнат доброволна усогласеност со имплементирање на принципите за управување со ризици во самиот процес на инспекцискиот надзор. Управување на ризици значи насочување на ресурсите на инспекцијата онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, воедно користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност.

Голем ризик при вршењето на инспекцискиот надзор, односно при започнување на инспекцискиот надзор, преставуваше и уредната достава на известувањата за вршење на инспекциски надзор (најмногу кај физичките лица), како и поканите за странки за вршење на инспекциски надзор (кај физички лица). Ова е од причина што странките или не го подигнуваа писменото од Пошта или пак одбиваа лично да го примат известувањето/поканата. Но сепак од страна на инспекторите беа вложувани напори за реализација на уредна достава, согласно Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор. Ова сето имаше влијание на одолговлечување на инспекциските постапки. Тука како ризик можеме да го спомнеме и неусогласеноста на материјалните закони по кои постапуваат овластените инспектори, со Законот за прекршоци и Законот за инспекциски надзор.

Во изминатиот период исто така како ризик за вршење инспекциски надзор беше и недостатокот на човечки ресурси – инспектори, а посебно откако почна да се применува Законот за инспекциски надзор каде инспекторот може да врши инспекциски надзор само во областа за која добил лиценца.

Проценката на ризик за вршење инспекциски надзор кај субјектите на надзор сеуште не е добро дефинирана во различните области на инспекцискиот надзор и ќе биде потребна подолготрајна анализа на субјектите за да се одреди нивото на ризик (високо, средно и ниско).

Организација и раководење

Секторот за инспекциски работи на Општина Струмица е организациона единица во состав на администрацијата на Општина Струмица. Во состав на Секторот за инспекциски работи, со кој раководи раководителот на сектор, кој има едено непополнето место помошник раководител, формирани се две одделенија кои ја покриваат надлежноста - вршење инспекциски надзор во повеќе области и тоа:

1. Одделение за инспекциски работи во урбанизмот, комунални работи, заштита на животната средина, патниот сообраќај и локални патишта и улици.
2. Одделение за инспекциски работи во финансиите, образованието, спортот, угостителство, туризмот и други инспекции во надлежност на општината.

1. Одделение за инспекциски работи во урбанизмот, комунални работи, заштита на животната средина, патниот сообраќај и локални патишта и улици, врши инспекциски надзор над субјектите надлежни за обезбедување на комуналната хигиена, одржувањето на парковите и зеленилото, врши инспекциски надзор на заштитата на животната средина, ги спроведува мерките за одржување на јавната чистота во општината согласно Законот за јавна чистота , Законот за комуналните дејности и Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување и Одлукатата за одржување на јавната чистота донесени од Советот на Струмица, на сторителите на прекршоци им изрекува глоба определена со законски прописи, исто така врши инспекциски над спроведување на Законот за домување и подзаконските акти , инспекциски надзор над Законот за градење и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, инспекциски надзор над спроведување на одредбите од Закон за превоз во патниот сообраќај , инспекциски надзор кај субјектите на надзор во поглед на примена на одредбите од Законот за јавни патишта и други прописи, инспекциски надзор кај субјектите на надзор во поглед на примена на одредбите од Законот за инспекција во животната средина и други прописи.

Во состав на Одделението, ангажирани се:

- 3 Комунални инспектори и 1 кандидат за инспектор
- 1 Инспектор за животна средина,
- 1 Инспектор за домување
- 2 Градежни инспектори
- 1 Инспектор за патен сообраќај
- 1 Инспектор за патишта
- 4 Комунални редари и

1 референт за административна поддршка.

Потребно е зголемување на бројот на инспектори во Одделението за инспекциски работи во урбанизмот, комунални работи, заштита на животната средина, патниот сообраќај и локални патишта и улици. Зголемување на бројот на инспектори е потребно во животна средина, се со цел подобро и поефикасно спроведување на инспекциските надзори на целата територија на Општина Струмица.

2.Одделение за инспекциски работи во финансиите, образованието, спортот, угостителство, туризмот и други инспекции во надлежност на општината.

Во состав на Одделението, ангажирани се:

- 1 Кандидат просветен инспектор,
- 1 Инспектор за спорт ,
- 1 Кандидат инспектор за угостителската и туристичка дејност

Потребно е зголемување на бројот на инспектори во Одделението за инспекциски работи во финансиите, образованието, спортот, угостителството, туризмот и други инспекции во надлежност на општината. урбанизмот. Зголемување на бројот на инспектори е потребно во инспекцијата за утврдување и наплата на даноци и такси за еден инспектор, се со цел подобро и поефикасно спроведување на инспекциските надзори на целата територија на Општина Струмица од причина што поради заминување на инспекторот за угостителска и туристичка дејност во текот на 2025 година, инспекторот за утврдување и наплата на даноци, преку мобилност е прераспореден во кандидат инспектор за угостителска и туристичка дејност.

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор по вид, возраст и звање

| Вид | Инспектор за патен сообраќај | | | | | | Комунален инспектор | | | | | | Градежен инспектор | | | | | | Инспектор за патишта | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В1 – советник инспектор | | 1 | | | | 1 | | 2 | | | | 2 | | | 1 | | 1 | 2 | | | | 1 | | |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |

| Вид | Инспектор за заштита на животна средина | | | | | | Инспектор за спорт | | | | | | Инспектор за домување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В1 – советник инспектор | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | | | | |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |

Табела 2. Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори

| Вид | Инспектор за [вид 1] | | | Инспектор за [вид 2] | | | Инспектор за [вид n] | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Во овој дел даден е приказ на извршените инспекциски надзори за секоја област – овластен инспектор, поединечно. Инспекцискиот надзор е спроведен согласно утврдените коефициенти на сложеноста, а коефициентот на сложеноста е утврден воз основ на следниве критериуми:

- услови во кои се врши инспекциски надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот;
- број на субјекти кои се предмет на инспекциски надзор;
- број на прописи врз основа на кои се врши инспекциски надзор
- потребно време за вршење на инспекциски надзор,

Според нивото, инспекторот може да врши инспекциски надзор со коефициент на сложеност како што следува:

1. инспектор со ниво Б1 и Б2 - коефициент на сложеност Q5;
2. инспектор со ниво Б3, Б4 и В1 - коефициент на сложеност Q4 и Q5;
3. инспектор со ниво В2 - коефициент на сложеност Q3 и Q4;
4. инспектор со ниво В3 - коефициент на сложеност Q2 и Q3;
5. инспектор со ниво В4 - коефициент на сложеност Q1 и Q2;

### 1. Инспекција за патен сообраќај

Појдовна основа за вршење на инспекциски надзор во оваа област е Законот за превоз во патниот сообраќај и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Согласно горе наведениот закон, инспекторот за патен сообраќај од Секторот за инспекциски надзор во овој период, вршеше инспекциски надзор над:

- Превозниците во општинскиот линиски превоз на патници во Општина Струмица;
- Превозниците во посебниот линиски превоз на патници кој што се врши на територија на Општина Струмица;
- Превозниците кои вршат авто-такси превоз на територија на Општина Струмица.

| Коефициент на сложеност за Инспекција за патен сообраќај | |
|---|---|
| *Коефициент:* | *Краток опис на дејствијата при инспекцискиот надзор и донесени инспекциски акти* |
| Q1 | 1.1. Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод) |
| Q2 | 2.1. Записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на Опомена<br>2.2. Контролен записник по изрекување на опомена, без наод |

| | |
|---|---|
| Q3 | 3.1 Записник/контролен записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на решение со задолжување<br>3.2 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на надзорот ја платил глобата |
| Q4 | 4.1. Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на надзорот не ја платил глобата, следува Барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочен орган во МТВ или надлежен суд,<br>4.2. По донесување на решение, жалба до Државна комисија во втор степен за инспекциски надзор и прекршочна постапка, одговор на жалба и други акти понатаму<br>4.3. Жалба по пресуда од надлежен суд и одговор на жалба, како и други акти понатаму |
| Q5=5 | 5.1.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи решение за времено одземање на возило, спроведување на постапка за порамнување, доколку не плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд, решение за трошоци во постапката<br>5.1.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат<br>5.2.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи предлог до Градоначалник за одземање на лиценца/дозвола, спроведување на постапка за порамнување, доколку не плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд<br>5.2.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат<br>5.3.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи предлог до Градоначалник за времено одземање на лиценца/извод од лиценца, спроведување на постапка за порамнување, доколку не плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд<br>5.3.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат<br>5.4.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи решение за исклучување на возило од сообраќај со одземање на сообраќајна дозвола, потврда за одземен предмет, спроведување на постапка за порамнување, доколку не плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд<br>5.4.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат |

Инспекторот за патен сообраќај во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработуваше со сите одделенија и сектори во Општина Струмица и органите на државно ниво, пред сè со МВР-СВР Струмица.

Датумите предвидени за редовен надзор утврдени во месечните планови за работа, повремено претрпуваа измени затоа што инспекцискиот надзор над превозот се врши во присуство на полициски службеници од ПС за БПС при СВР Струмица (запирање и контрола на возилата и возачите). Во зависност од активностите и расположивите човечки ресурси на ПС за БПС при СВР Струмица се реализираше вршењето на редовен и вонредниот инспекциски надзор над превозот и понекогаш инспекцискиот надзор согласно овластувањето од Законот за превоз во патниот сообраќај се вршеше самостојно.

Табела 3.1. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Струмица 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Инспектор за патен сообраќај | 40 | 8 | 17 | 48 | 17 |

Врз основа на извршените инспекциски надзори и утврдените неправилности, од страна на инспекторот за патен сообраќај донесени се 8 покани за порамнување, 8 записник за порамнување, 8 покани за глоба, 6 барања за поведување на прекршочна постапка, 2 субјекти на надзор ја рокот за плаќење на глоба согласно Законот за прекршоци не е изминат.

## 2. Комунална инспекција

### 2.1 Комунален инспектор

Појдовна основа за вршење на инспекциски надзор во оваа област се следните прописи: Закон за комунални дејности, Закон за јавна чистота, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за гробишта и погребални услуги, Закон за зеленило, Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, Закон за управување со пакување и отпад од пакување, како и подзаконските акти произлезени од овие закони.

Согласно горе наведените закони, комуналните инспектори од Секторот за инспекциски надзор, , вршеше инспекциски надзор над Јавното комунално претпријатие и над физички и правни лица и тоа:

- одржување на јавната чистота на јавни и сообраќајни површини (миење и метење на јавни површини согласно Годишната Програма за одржување на јавна чистота на давател на услуга **ЈПКД Комуналец**);
- одржување на јавно зеленило и паркови согласно со Годишната Програма за одржување на јавни и зелени површини (на давател на услугата **ЈПКД Комуналец**);

- одржување на јавни површини на отворени простори;
- отстранување на хаварисани возила од јавни површини;
- одржување на водоснабдителен систем со вода за пиење од страна на давателот на услугата ЈПКД Комуналец;
- одржување на канализациониот систем од страна на давателот на услугата ЈПКД Комуналец;
- управување и одржување на градски гробишта од страна на давателот на услугата ЈПКД Комуналец;
- вршење на погребални услуги од страна на правни лица со добиена дозвола за вршење на погребални услуги;
- одржување на Градските пазари од страна на ЈПКД Комуналец како давател на услуга;
- неконтролирано оставање, фрлање напуштање спалувањена отпадот од страна на правни и физички лица;
- инспекциски надзор над физичките и правни лица како корисници на комуналните услуги;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни иницијативи за инспекциски надзор од физички и правни лица;
- надзор во време на вонредна состојба.

Комуналните инспектори во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработуваа со сите одделенија и сектори во Општина Струмица и органите на државно ниво, пред сè со МВР-СВР Струмица и со Против пожарната единица Струмица.

| Коефициент на сложеност за Комунална инспекција | |
|---|---|
| Q1 | 1.1 Записник за извршен инспекциски надзор,(без наод:) |
| Q2 | 2.1 Записник за извршен инспекциски надзор со прекршок (наод),решение,Записник за извршен инспекциски надзор без наод со други акти |
| Q3 | 3.1 Контролен инспекциски надзор по решение ,постапка по неизвршување на издадено решение ,издавање на платен налог |
| Q4 | 4.1 Контролен инспекциски надзор не постапува по решение,не постапува по извршеното порамнување (не го плати издадениот прекршочниот платен налог) следува БППП,до надлежен орган |
| Q5 | 5.1 Записник за извршен инспекциски надзор со прекршок,постапка за порамнување не постапува по извршеното порамнување(не го плати издадениот прекршочен платен налог),следува БППП,до надлежен орган за одлучување,жалба противрешениена суд и до второстепен орган и други акти |

Табела 3.2. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Струмица 3 извршители | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Комунален инспектор | | 69 | 10 | 69 | 23 |

Врз основа на извршените инспекциски надзори и утврдените неправилности, од страна на комуналните инспектори во 10 случаи е донесено решение со рок за отстранување на утврдените неправилности, а во 13 случаи се изречени 13 глоби кон физички лица.

## 2.2. Комунални редари

Појдовна основа за вршење на контрола од страна на комуналните редари за период јануари - септември 2024 година се следниве прописи: Закон за комунални дејности, Закон за јавната чистота, Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Струмица, Одлука за јавната чистота во Општина Струмица и други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените.

Комуналните редари вршеа редовна контрола на терен, соработуваа со другите инспекции во рамките на Секторот за инспекциски надзор, каки и другите одделенија и сектори во Општина Струмица, како и другите органи на државно и локално ниво.

Во текот на целата 2024 година комуналните инспектори работеа во две смени.

Во тек на изминатото полугодие, комуналните редари вршеа опоменување и укажувања на продавачите, кои продаваат на места кои не се определени од општината за таа намена, на корисниците на јавно-прометните површини за поставување на урбана опрема, на физичките лица во однос на оставање отпад и градежен шут на јавна површина, отстранување на хаварисани возила, приколки и работни машини од јавна површина. Усмено беа опоменати 685 прекршители на јавната чистота.

# 3. Градежна инспекција

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за градење како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Согласно горе наведените прописи, градежните инспектори од Секторот за инспекциски надзор, во изминатиот период, претежно вршеа вонредни инспекциски надзори по иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица, како и по барање на други државни органи (МВР, ОЈО, ДП).

Градежните инспектори во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработуваа со сите одделенија и сектори во Општина Струмица, а по потреба и органите на државно ниво.

| Коефициент на сложеност за Градежна инспекција | |
|---|---|
| Q1 | 1,1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод) |
| Q2 | 2.1. Записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на Опомена<br>2.2. Контролен записник по изрекување на опомена, без наод |
| Q3 | 3.1 Записник/контролен записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на решение со задолжување<br>3.2 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на надзорот ја платил глобата |
| Q4 | 4.1.Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување напостапка за порамнување, по која субјектот на надзорот не ја платил глобата, следува Барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочен орган во или надлежен суд,<br>4.2. По донесување на решение, жалба до Државна комисија во втор степен за инспекциски надзор и прекршочна постапка, одговор на жалба и други акти понатаму<br>4.3.1. Жалба по пресуда од надлежен суд и одговор на жалба, како и други акти понатаму.<br>4.3.2. Записник/контролен записник на Одобренијата за градење кое ги донесува Одделение за урбанизам.<br>4.3.3. Записник/контролен записник со решение за прекин на градбата(предлог за одземање на лиценца,овластувања) |
| Q5 | 5.1.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод по кој следува Решение со задолжување и донесување на Заклучок со дозвола за извршување.<br>5.1.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат<br>5.2.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи Решение со задолжување и донесување на Налог со дозвола за извршување по кој следи предлог до Градоначалник за административно извршување.<br>5.2.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат<br>5.3. Административно извршување со асистенција на полиција. |

Табела 3.3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Струмица 2 извршитела | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Градежен инспектор | 29 | 58 | 4 | 91 | 29 |

Врз основа на извршените инспекциски надзори и утврдените неправилности, од страна на градежните инспектори донесени се 20 решенија за отстранување, нема донесени налози за дозвола за извршување. Поведени се 8 жалбени постапки и истите испратени до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка. Испратени се 25 одговори и барање до соодветни институции (МВР, ОЈО, НП).

## 4. Инспекција за животна средина

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за животна средина, Закон за управување со отпад, Закон за квалитет на амбиентниот воздух, Закон за заштита од бучава, Закон за пакување и отпад од пакување, Закон за електричен и електронски отпад, Закон за води како и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

Инспекциски надзор во инспекција за животна средина година се врши од страна на еден извршител - овластен инспектор за животна средина.

| Коефициент на сложеност за Инспекција за животна средина | |
|---|---|
| Q1 | 1.1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод)<br>1.2 За овој коефициент на сложеност, времето за подготовка на инспекцискиот надзор е определено на 0,5 часа, а времето за подготовка на записник е 1 час. |
| Q2 | 2.1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод)<br>2.2 За овие коефициенти на сложеност, времето за подготовка на инспекцискиот надзор е определено на 1 час, а времето за подготовка на записник е 1,5 час (земајќи во предвид дека во овие надзори се врши мониторинг на бучава од страна на акредитирана лабораторија и инспекторот треба да биде присутен при спроведување на постапката, за да ги утврди специфичните услови и разни состојби при вршење на мониторингот (присуство на комунална бучава, бучава од изворот и сл.).<br>2,3 Записник за Записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на Опомена |

| | |
|---|---|
| Q3 | 3.1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод) по Закон за животна средина (Елаборати за заштита на животната средина и друго).<br>3.2 За овие коефициенти на сложеност, времето за подготовка на инспекцискиот надзор е определено на 2 часа (време потребно да се анализираат условите и мерките пропишани во елаборатот за заштита на животната средина–доколку субјектот го поседува), а времето за подготовка на записник е 1 час.<br>3.3 Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на Решение со наредба/задолжување |
| Q4=4 | 4.1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод)<br>4.2 За овие коефициенти на сложеност, времето за подготовка на инспекцискиот надзор е определено на 2 часа (земајќи во предвид дека во овие надзори се врши мониторинг на емисии на различни загадувачки материи во воздухот, од страна на акредитирана лабораторија и инспекторот во принцип треба да биде присутен при спроведување на постапката, за да ги утврди специфичните услови и разни состојби при вршење на мониторингот-оперативност на инсталацијата, оптеретување на постројката, метеоролошки услови, пропишани гранични вредности во дозволата и елаборатите и сл.), а времето за подготовка на записник е 1-1,5 час.<br>4.3 Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) и спроведување на постапки за порамнување |
| Q5 | 5.1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод) по Закон за животна средина (интегрирани еколошки дозволи) и Законот за водите.<br>5.2 За овие коефициенти на сложеност, времето за подготовка на инспекцискиот надзор е определено на 4 часа (заради обемноста на дозволите, поединечна проверка на условите, односно интегрираниот надзор над инсталацијата), а времето за подготовка на записник е 2 часа.<br>5.3 Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок), следи предлог за спогодување или предлог за прекршочна/кривична пријава, како и жалбена постапка по издадено решение |

Табела 3.3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Струмица 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Овластен инспектор за животна средина | 4 | 29 | 2 | 35 | 20 |

Од страна на општинскиот инспектор за животна средина од планираните 4 редовни инспекциски надзори реализирани се 4. Од констатираните неправилности изречена е 1 прекршочна мерка на правен субјект поради непостапување согласно издадено решение на инспекторот, на 2 правни субјекта им е наложено да извршат мерење на емисија на честички во воздух а на останатите да ги отстранат неправилностите констатирани во записникот за констатација.

## 5. Инспекција за патишта

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за патишта како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

| Инспекција за патишта | |
|---|---|
| Q1 | 1.2. Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод) |
| Q2 | 2.1. Записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на Опомена<br>2.2. Контролен записник по изрекување на опомена, без наод |
| Q3 | 3.1. Записник/контролен записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на решение со задолжување<br>3.2. Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на надзорот ја платил глобата |
| Q4 | 4.1. Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на надзорот не ја платил глобата, следува Барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочен орган во МТВ или надлежен суд,<br>4.2. По донесување на решение, жалба до Државна комисија во втор степен за инспекциски надзор и прекршочна постапка, одговор на жалба и други акти понатаму<br>4.3. Жалба по пресуда од надлежен суд и одговор на жалба, како и други акти понатаму |
| Q5 | 5.1. Контролен записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) не постапил по решение со задолжување/наредба, следи постапка за порамнување, а доколку не плати следи Барање за поведување прекршочна постапка и следи решение со дозвола за извршување (административно извршување), решение за трошоци во постапката, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат |

Табела 3.3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Струмица 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Овластен инспектор за патишта | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 |

Овластениот инспектор за патишта (по добивање на лиценца за инпектор за патишта во месец Август 2024) има постапување по три иницијативи за вршење на вонреден инспекциски надзор од кој за две има составено записник согласно Законот за јавни патишта а третата е препратена на надлежност до Државен инспекторат за транспорт .

## 6. Инспекција за домување

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за домување, како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

| Коефициент на сложеност за Инспекција за домување | |
|---|---|
| Q1 | 1,1 Записник за извршен инспекциски надзор – без прекршок (наод) |
| Q2 | 2.1. Записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на Опомена<br>2,2 Контролен записник по изрекување на опомена, без наод |
| Q3 | 3.1 Записник/контролен записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на решение со задолжување<br>3.2 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на надзорот ја платил глобата |
| Q4 | 4.1. Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување, по која субјектот на станбениот управител и заедница на сопственици не ја платил глобата, следува Барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочен орган во МТВ или надлежен суд,<br>4.2. По донесување на решение, жалба до Државна комисија во втор степен за инспекциски надзор и прекршочна постапка, одговор на жалба и други акти понатаму<br>4.3. Жалба по пресуда од надлежен суд и одговор на жалба, како и други акти понатаму |
| Q5 | 5.1.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по |

| | |
|---|---|
| | кој следи решение за СУ или ЗС за спроведување на постапка за порамнување, доколку не плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд, решение за трошоци во постапката<br>5.1.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат<br>5.2.1. Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) по кој следи предлог до Регулаторна комисија за домување за одземање на лиценца за управување со станбени згради, спроведување на постапка за порамнување, доколку не плати глоба следува Барање за поведување прекршочна постапка до прекршочна комисија или надлежен суд<br>5.2.2. По предходното може да следи и жалба/тужба на решение/пресуда, одговор на жалба/тужба и други акти кои следуваат |

Табела 3.3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Струмица 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Овластен инспектор за домување | / | 24 | 10 | 24 | 10 |

На субјекти на надзор кај кои се евидентирани неправилности е извршена едукација на странка на кои им се објаснети правата,должностите согласно Законот за домување како и почитување на куќниот ред и мир во колективните станбени објекти.

## 7. Инспекција за угостителско туристичка дејност

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за таксата за привремен престој, Закон за угостителска дејност, Закон за туристичка дејност како и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

| Коефициент на сложеност за Инспекција во угостителско туристичка дејност | |
|---|---|
| Q1 | 1,1 Записник за извршен инспекциски надзор - без прекршок (наод). |
| Q2 | 2,1 Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на опомена;<br>2,2 Контролен записник по изрекување на опомена без наод; |
| Q3 | 3,1 Записник/контролен записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на решение со задолжување;<br>3,2 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за поремнување по која субјектот на надзорот ја платил |

| | |
|---|---|
| | глобата |
| Q4 | 4,1 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување по која субјектот на надзорот не ја платил глобата, следува барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочен орган и надлежен суд;<br>4,2 По донесување на решение и барање за поведување прекршочна постапка, жалба до Државна комисија во втор степен за инспекциски надзор и прекршочна постапка, одговор на жалба и донесување на други акти; |
| Q5 | 5,1 Жалба по пресуда на надлежен суд и други акти;<br>5,2 Донесување на акти за забрана за вршење дејност; |

Табела 3.3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Струмица 1 кандидат за инспектор | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност | / | / | / | / | / |

## 8. Инспекција за спорт

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за спорт, Законот за инспекциски надзор, Законот за прекршоци како и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

| Коефициент на сложеност за Инспекција за спорт | |
|---|---|
| Q1 | 1,1 Записник за извршен инспекциски надзор - без прекршок (наод). |
| Q2 | 2,1 Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на опомена;<br>2,2 Контролен записник по изрекување на опомена без наод; |
| Q3 | 3,1 Записник/контролен записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на решение со задолжување;<br>3,2 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за поремнување по која субјектот на надзорот ја платил глобата |
| Q4 | 4,1 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување по која субјектот на надзорот не ја платил глобата, следува барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочен орган и надлежен суд;<br>4,2 По донесување на решение и барање за поведување прекршочна |

| | |
|---|---|
| | постапка, жалба до Државна комисија во втор степен за инспекциски надзор и прекршочна постапка, одговор на жалба и донесување на други акти; |
| Q5 | 5,1 Жалба по пресуда на надлежен суд и други акти;<br>5,2 Донесување на акти за забрана за вршење дејност; |

Табела 3.3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Струмица 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Овластен инспектор за спорт | 10 | 0 | 0 | 10 | 0 |

При вршење на инспекциски надзор за евидентираните неправилности изречени се опомени со решение за утврдени неправилности.

## 9. Просветна инспекција

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за осново образование, Законот за средно образование, Законот за просветна инспекција како и други закони и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

| Коефициент на сложеност за Просветна инспекција | |
|---|---|
| Q1 | 1,1 Записник за извршен инспекциски надзор - без прекршок (наод). |
| Q2 | 2,1 Записник за извршен инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на опомена;<br>2,2 Контролен записник по изрекување на опомена без наод; |
| Q3 | 3,1 Записник/контролен записник за инспекциски надзор со наод (прекршок) и изрекување на решение со задолжување;<br>3,2 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за поремнување по која субјектот на надзорот ја платил глобата |
| Q4 | 4,1 Записник/контролен записник со утврден наод и спроведување на постапка за порамнување по која субјектот на надзорот не ја платил глобата, следува барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочен орган и надлежен суд;<br>4,2 По донесување на решение и барање за поведување прекршочна постапка, жалба до Државна комисија во втор степен за инспекциски надзор и прекршочна постапка, одговор на жалба и донесување на други акти; |
| Q5 | 5,1 Жалба по пресуда на надлежен суд и други акти;<br>5,2 Донесување на акти за забрана за вршење дејност; |

Табела 3.3. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Струмица 1 кандидат за просветен инспектор | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Овластен просветен инспектор | / | / | / | / | / |

## ОБУКА НА ИНСПЕКТОРИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Во изминатиот период немаше организирано обуки .

## БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

За спроведување Планот за работа на Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат потребните финансиски средства беа обезбедени од Буџетот на Општина Струмица за 2024 година.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во изминатиот период Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат во Општина Струмица нема реализирано меѓународна соработка.

## МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

Во изминатиот период Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат во Општина Струмица нема воспоставена меѓуопштинска соработка за давање на услуги од страна на овластени градежни инспектори.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА

Во тек на изминатиот период Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат ги изработи листите за проверка во сите области, согласно Законот за инспекциски надзор. за податоците што се однесуваат на инспекциската постапка („Службен весник на РСМ".

Во изминатиот период граѓаните на Општина Струмица можеа да покренат иницијатива за поведување на инспекциска постапка on line преку официјалната web страна на Општина Струмица.

Во изминатиот период овластените инспектори имаа добра континуирана соработка со МВР СВР Струмица, Државните инспекторати, Инспекцискиот совет и ЗЕЛС.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Во изминатиот период беа исполнети планираните инспекциски надзори кај секоја инспекција поединечно. Во овој период интензивно работеа : инспекторот за животна средина, градежните инспектори согласно Заклучокот на Владата за вршење на вонредни инспекцискисе со цел спречување на штетни влијание и надминување на праговите на штетни емисии во амбиенталниот кај субјектите на инспекциски надзор согласно надлежностите утврдени во матријалните закони. Беа вршени вонредни инспекциски надзор од страна на комуналните инспектори заедно со комуналните редари и претставници на МВР СВР Струмица во однос на отстранување на нелегални продавачи околу пазари. Исто така и останатите инспектори спроведуваа надзори секој во својата област (некаде повеќе вонредни во однос на редовните надзори) врз основа но кои се откриваа неправилностите и се донесуваа различни инспекциски мерки.

Во изминатиот период овластените инспектори наидоа на голем проблем при вршењето на инспекцискиот надзор поради неусогласенот на материјалните закони по кои се овластени да вршат инспекциски надзор и да изрекуваат инспекциски мерки со Законот за инспекциски надзор и Законот за општа управна постапка. Ова се однесува на видот на управните акти кој ги донесуваат инспекторите, во одредени закони како на пример во Законот за градење сеуште стои Заклучок кој како управен акт не постои во Законот за општа управна постапка.